Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016
2017
2018
2019
2020
2021
2022

Извадок на ден од дневни настани 19.02.2022

Денеска (19.02.2022) во 08.30 часот во Битола, од страна на полициски службеници од СВР Битола лишен од слобода е К.С.(39) од Битола. Тој е спроведен во Казнено-поправната установа - Затвор Битола за издржување казна затвор од одна година за извршени тешки кражби.

На 18.02.2022 во 22.00 и во 23.30 часот во Куманово, врз основа на судска наредба, полициски службеници од СВР Куманово ги лишиле од слобода Е.К.(28) и Ѕ.А.(63), двајцата од Куманово, за издржување затворски казни. Тие биле спроведени во казнено-поправната установа Затвор Кшање за издржување на затворските казни.

На 18.02.2022 во 13.20 часот во Неготино, врз основа на судска наредба, полициски службеници од Полициската станица Неготино го привеле З.Ш.(46) од Неготино за издржување казна затвор. Лицето било спроведено во Казнено-поправната установа Затвор Гевгелија за издржување на казната.

На 18.02.2022 во 14.10 часот, врз основа на судска наредба, полициски службеници од Полициската станица Гевгелија го привеле Д.П.(33) од С.Стојаково, општина Богданци, за издржување затворска казна. Лицето било спроведено во Казнено-поправната установа Затвор Гевгелија за издржување на казната.

Денеска (19.02.2022) во 01.00 часот во мотел во Тетово, полициски службеници од СВР Тетово го лишиле од слобода К.Б.(27) од Тетово. Тој се сомничи дека на 18.02.2022 околу 21.00 часот со употреба на сила кон вработената одзел пари од спортска обложувалница на ул.„Иво Лола Рибар" во Тетово. При преглед кај него биле пронајдени парите и еден нож, а во полициска станица со него бил извршен случајен разговор. По целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 18.02.2022 во 17.00 часот во трговски центар во Скопје, полициски службеници од ЕВР Карпош го лишиле од слобода Т.Б.(41) од Скопје. Тој бил фатен при извршување кражба во продажен објект во трговскиот центар. Одземените предмети биле пронајдени, а тој бил приведен во полициска станица. По целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 18.02.2022 во 15.20 часот во Прибилиштип, полициски службеници од Полициската станица Пробиштип го лишиле од слобода Т.А.(22) од Пробиштип. При претрес во неговиот дом, извршен со судска наредба, биле пронајдени и одземени бела прашкаста материја, капсули, таблети и дигитална вага. Тој бил приведен во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 18.02.2022 во 22.50 часот на ул.„Генерал Михајло Апостолски" во Штип, полициски службеници од СВР Штип ги лишиле од слобода В.С.(21), Ј.А.(21) и Х.А.(28), сите од Велес, затоа што кај них била пронајдена и одземена грутчеста материја. Тие биле приведени во полициска станица и по целосно документирање на случајот против нив ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 19.02.2022 во 01.50 часот во Градски парк во Скопје, полициски службеници од Полициската станица Карпош го лишиле од слобода А.Е.(24) од Скопје затоа што кај него била пронајдена бела прашкаста материја. По целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 18.02.2022 во 13.00 часот во Градски парк во Скопје, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода А.Б.(22) од Скопје затоа што кај него била пронајдена марихуана. По документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 18.02.2022 во 00.15 часот на ул.„Втора Македонска бригада", полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје ги лишиле од слобода Ш.А.(38) од Скопје. Тој бил баран со потеница поради сомнение за сторени четири кривични дела „тешка кражба", од кои за две веќе му биле поднесени кривични пријави.Во службен разговор со полициски службеници тој ги признал делата за кои му биле поднесени кривични пријави. Исто така, Ш.А. признал кражба во деловен објект на 10/11.03.2020, а документирана е и кражба на 16.02.2022 во фирма на ул.„Босна и Херцеговина" во Скопје, за што исто така ќе бидат поднесени соодветни пријави.
На 18.02.2022 околу 10.10 часот во СВР Велес било пријавено дека на площтад „Кајник" во Велес, товарно возило „мерцедес" со скопски регистарски ознаки, управувано од М.З.(42) од с.Грчец, скопско, удрило во М.Н.(76) од Велес. М.Н. се здобила со тешки телесни повреди, констатирани во Општа болница – Велес. Увид на местото извршила увидна екипа на СВР Велес.

На 18.02.2022 во 15.10 часот во Полициската станица Центар, Б.П.(53) од Скопје пријавил дека на бул.„Гоце Делчев" бил каснат од куче скитник.

На 18.02.2022 во 17.20 часот во Полициската станица Аеродром, И.С.(44) од Скопје пријавил дека на ул.„Гаврил Константиновиќ" неговата малолетна керка била касната од куче скитник.

На 18.02.2022 во 18.30 часот во Полициската станица Ѓорче Петров, Е.Т.(22) од Скопје пријавила дека на ул.„Борис Сарафов" била касната од куче скитник.

Денеска (19.02.2022) во 11.00 часот на улица „Панче Попоски" во Гостивар, врз основа на судска наредба, полициски службеници од Полициската станица Гостивар го привеле Е.И.(32) од Гостивар за издржување затворски казна од одна година. Лицето било спроведено во Казнено-поправна установа за издржување на казната.

На 18.02.2022 во 17.00 часот во атар на с.Крапа, општина Македонски Брод, полициски службеници од Полициската станица Македонски Брод го лишиле од слобода А.А.(32) од с.Дебреште, општина Долнени. При преглед во патничко возило „фолксваген голф" без регистарски ознаки, кое го управувал, биле пронајдени огревни дрва без потребната документација. Возилото и дрвата биле одземени, а лицето било приведено во полициска станица. По целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 18.02.2022 во 12.40 часот на ул.„7ми Септември" во Кавадарци, полициски службеници од Полициската станица Кавадарци ги лишиле од слобода Ѓ.К.(48) и Н.К.(26), двајцата од Кавадарци, затоа што физички нападнале полициски службеници кои извршувале службени дејствија. По целосно документирање на случајот против нив ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 18.02.2022 во 16.10 часот на ул.„Тодор Александров" во Скопје, полициски службеници од СВР Скопје го лишиле од слобода П.Т.(18) од Скопје затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 18.02.2022 во 16.40 часот на ул.„Карпош" во Битола, полициски службеници од СВР Битола ги лишиле од слобода Н.Н.(36), М.Е.(36) и М.Б.(26), сите од Битола, затоа што кај нив била пронајдена прашкаста материја. Тие биле приведени во полициска станица и по целосно документирање на случајот ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 18.02.2022 во 22.30 часот на ул.„Кеј 13ти Ноември" во Скопје, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода А.Т.(31) од Скопје затоа што кај него била пронајдена бела прашкаста материја. По документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 18.02.2022 во 14.50 часот на бул.„АСНОМ" во Скопје, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје ги лишиле од слобода П.К.(21) од Скопје затоа што кај него била пронајдена марихуана. По документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 18.02.2022, врз основа на судска наредба, полициски службеници извршиле претрес во домот на И.Т.(35) во с.Вардино, општина Демир Хисар. При претресот била пронајдена и одземена ловечка пушка „црвена заставa" калибар 16 мм, која ја поседувал без дозвола. По целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава по член 396 од Кривичниот законик.

На 18.02.2022 во 22.30 часот на ул.„Кеј 13ти Ноември", полициски службеници од СВР Скопје го привеле М.И.(24) од Скопје затоа што кај него бил пронајден нож. Против него ќе биде поднесен поднесок по член од 80 од Законот за оружје.

На 19.02.2022 во 01.40 часот на ул.„1732", полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го привеле А.Е.(20) од Скопје затоа што кај него бил пронајден нож. Против него ќе биде поднесен поднесок по член од 80 од Законот за оружје.

На 19.02.2022 во 01.30 часот на бул.„Борис Трајковски", полициски службеници од СВР Скопје го лишиле од слобода К.К.(22) од Скопје затоа што нарушил јавниот ред и мир со агресивно однесување кон полициски службеници кои извршувале службени дејствија. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 18.02.2022 во 15.10 часот во ОВР Прилеп, 59-годишен жител на Прилеп пријавил дека бил физички нападнат од неговиот син С.Ј.(35). Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 19.02.2022 во 02.50 часот на ул.„Гоце Делчев" во Велес, полициски службеници од СВР Велес го лишиле од слобода А.П.(36) од Република Србија затоа што физички нападнал полициски службеници кои извршувале службени дејствија. По целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 18.02.2022 во 13.00 часот во Полициската станица Драчево било пријавено дека околу 12.30 часот во с.Батинци, скопско, двајца вработени во ЈП „Водовод" се здобиле со повреди додека извршувале работни задачи. Тие биле пренесени во градската општа болница „Св.Наум Охридски" за укажување лекарска помош. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 18.02.2022 во 17.45 часот во СВР Струмица, М.Ш.(30) од Струмица пријавил дека околу 14.45 часот на своето работно место во фирма во Струмица, поради нерасчистени односи, бил физички нападнат од В.И. од Струмица. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 19.02.2022 во 01.04 часот во СВР Скопје, К.Т.(24) и К.Л.(24), двајцата од Скопје, пријавиле дека околу 01.00 часот на бул.„Видое Смилевски Бато" тие и Ф.И. од Скопје биле физички нападнати од повеќе лица. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Во текот на вчерашниот ден (18.02.2022) Министерството за внатрешни работи спроведе засилена акциска контрола на територијата на Република Северна Македонија за санкционирање на возила кои се движат со брзина поголема од дозволената, при што санкциониравме се 289 возачи. Од нив 21 возило се движело со брзина над 50 километри на час повеќе од дозволеното, а четири возила се движеле со дури над 70 километри на час повеќе од дозволената брзина. Притоа, 175 возачи ја пречекоруваа брзината во населено место, а 114 надвор од населено место.

Денеска (19.02.2022) околу 11.40 часот во Полициската станица Прилеп било пријавено дека на регионален патен правец с.Ропотово-Прилеп се случила сообраќајна несреќа помеѓу товарно возило „ман" со битолски регистарски ознаки, управувано од П.С. (33) од Битола и патничко возило „форд галаксија" со кичевски регистарски ознаки, управувано од С.Р.(71) од Македонски Брод. На местото на несреќата починал С.Р.. Увид извршиле екипа од Полициската станица Прилеп и Јавен обвинител, по чија наредба на телото на починатиот ќе биде извршена одбукција.

Во текот на вчерашниот ден (18.02.2022) на територијата на СВР Битола спроведена е засилена акциска контрола за санкционирање на возачи кои управуваат возило со брзина поголема од пропишаната, при што санкционирани се 51 возач. Од нив 45 возачи ја пречекорија брзината во населено место, а шест надвор од населено место. На сите прекршители изготвени им се соодветни поднесоци.

На 18.02.2022 во 23.15 часот во СВР Скопје било пријавено дека во угостителски објект на ул.„Венјамин Мачуковски" во Скопје бил нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу Р.Ј.(30) и Д.Г.(30) од Скопје, од една страна и И.Н.(24) од Скопје, од друга страна. Сочинети се записници за констатиран прекршок по член 11 од Законот за прекршоците против јавниот ред и мир.

На 18.02.2022 во 20.10 часот во Полициската станица Тетово, В.Н.(47) од с.Челопек, тетовско, пријавила дека на ул.„Илинденска" во Тетово била касната од куче скитник.

На 19.02.2022 во 00.05 часот на ул.„Самоилова", полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го привеле Ф.Б.(37) од Скопје затоа што кај него бил пронајден нож. Против него ќе биде поднесен поднесок по член од 80 од Законот за оружје.

Министерството за внатрешни работи во текот на вчерашниот ден (18.02.2022) продолжи со засилените акциски контроли во областа на сообраќајот.На територијата на град Скопје изречени се вкупно 204 мерки, меѓу кои за возење повеќе од дозволената брзина 65 санкции, 42 мерки за недавање предност на минување на пешаци.Изречени се 11 мерки за возење без возачка дозвола, 10 санкции за користење мобилен телефон, четири мерки за возење под дејство на алкохол, седум санкции за прекршоци што ги прават пешаците, четири санкции за минување на затворен сигнал (црвено светло), 46 за непрописно паркирање.

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија
Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk
Изработено од Унет